**20222854288**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 18 точка 1) од Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/13 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА МАТИЧНИОТ БРОЈ НА ГРАЃАНИНОТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на определување и поништување на матичен број на граѓанин, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на граѓанинот („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15), во член 2 во ставот 1 по зборот „барање“ се додаваат зборовите „писмено или по електронски пат“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„За определениот матичен број од ставот 1 на овој член, од страна на Министерството за внатрешни работи преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги, се доставува известување за определен матичен број до Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги.“

Член 2

Во член 6 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Решението од ставот 1 на овој член може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на граѓанинот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“

Член 3

Во член 7 во став 2 точката 3 се менува и гласи:

„3.податоци за граѓанинот: име, презиме, ден, месец и година на раѓање; пол; место, општина и држава на раѓање; адреса на живеење; име и презиме на мајката; име и презиме на таткото; матичен број на мајката; матичен број на таткото; датум, место, општина и држава на раѓање на мајката; датум, место, општина и држава на раѓање на таткото; адреса на живеење на мајката и адреса на живеење на таткото;“

Член 4

Во член 8 став 2 во точките 1. 2. и 5. зборот „известувањето“ се заменува со зборот „извештајот“.

Член 5

Во член 9 ставот 1 се менува и гласи:

„Барањето за определување матичен број од член 3 став (1) од овој Правилник, се поднесува лично од подносителот на барањето со пополнување на Образец бр. 3 или Образец бр. 3-а. Барањето за определување матичен број може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во случај кога барањето од ставот 1 на овој член се поднесува во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, образецот на барањето е во електронски формат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Во ставот 2 кој станува став 3, во точката 10. по зборот „број“ се додаваат зборовите „на граѓанин;“.

Член 6

Во член 10 ставот 1 се менува и гласи:

Барањето за поништување матичен број од член 4 став (1) од овој правилник се поднесува лично од подносителот на барањето со пополнување на Образец бр. 4 или Образец бр. 4-а. Барањето за определување матичен број може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во случај кога барањето од ставот 1 на овој член се поднесува во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, образецот на барањето е во електронски формат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Во ставот 2 кој станува став 3, во точката 3. по зборот „поништување“ се додаваат зборовите „на матичен број на граѓанин;“.

Во точката 12. по зборот „број“ се додаваат зборовите „на граѓанин.“.

Член 7

Обрасците бр.1, 2, 3 и 4 се заменуваат со нови Обрасци бр.1, 2, 3 и 4 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Обрасците бр.3-а и 4-а се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 13.1-129445/1
27 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

**Образец број 1**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ**
**СЕКТОР ЗА УПРАВНО НАДЗОРНИ РАБОТИ**
**Одделение за управни работи _____________**
**Отсек за управни работи __________________**

Б А Р А Њ Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ

ПОДАТОЦИ ЗА:

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец, година и час на раѓање | Пол |
|---|---|
| _____ . _____ . _____________. ____________ | |

| Место, општина, држава на раѓање |
|---|
| |
| Адреса на живеење |
| |

| Име и презиме на мајката | Име и презиме на таткото |
|---|---|
| | |
| Матичен број на мајката | Матичен број на таткото |
| | |

| Датум и место, општина, држава на раѓање на мајката | Датум и место, општина, држава на раѓање на таткото |
|---|---|
| | |

| Адреса на живеење на мајката | Адреса на живеење на таткото |
|---|---|
| | |

Број и датум на поднесување на барањето

__________________
____.____._20______

Потпис на службеното лице кое го доставува барањето ________________________

Запишувањето е извршено во матичната книга на родените за _____________________ и _______________________
(место) (општина)

Тековен број ___________ за _________ година

Место за печат

**Образец број 2**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ**
**Подрачно одделение __________________________**
**Подрачна канцеларија ________________________**
**Месна канцеларија ___________________________**

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ОПРЕДЕЛЕН МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН

ПОДАТОЦИ ЗА:

| Определен матичен број на граѓанин | Матична книга на родените, тековен број и година |
|---|---|
| | |

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

Датум на определување на матичниот број на граѓанинот

_____._____.20______

Потпис на службеното лице кој го доставува извештајот ________________________

Број ___________ за ___________ година

Место _______________________________

Место за печат

**Образец број 3**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ**
**СЕКТОР ЗА УПРАВНО НАДЗОРНИ РАБОТИ**
**Одделение за управни работи _____________**
**Отсек за управни работи __________________**

Б А Р А Њ Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН

**1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место, општина и држава на раѓање |
|---|---|
| _____ . _____ . ___________ | |

| Пол | Место и адреса на живеење | Адреса за контакт |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

Датум и место на поднесување
на барањето

____.____._20____, _________________

Потпис на подносителот

______________________________

Податоци за контакт ____________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________

**2. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:**

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните (*) |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

Доказите кои не се означени со (*) се доставуваат како копија и заверени од нотар.

**3. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 2 на ова барање.

Потпис на подносителот

_______________________

**УПАТСТВО**

**ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН:**

. Податоците од делот 1 ги пополнува подносителот на барањето;

. Подносителот на барањето е должен при поднесување на барањето да се идентификува со важечки личен документ;

• Подносителот на барањето во делот адреса за контакт ја наведува аресата на неговото фактичко живеалиште;

• Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот "податоци за контакт";

• Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 2 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.

**Прилог број 3-а**
**Shtojca numër 3-a**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ**
**DEPARTAMENTI PËR ÇËSHTJE ADMINISTRATIVE**
**СЕКТОР ЗА УПРАВНО НАДЗОРНИ РАБОТИ**
**SEKTORI PËR ÇËSHTJE MBIKËQYRËSE-ADMINISTRATIVE**
**Одделение за управни работи**
**Njësia për Çështje Administrative_____________**
**Отсек за управни работи**
**Seksioni për Çështje Administrative __________________**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН
## KËRKESË
## PËR PËRCAKTIMIN E NUMRIT PERSONAL TË QYTETARIT

**1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:**
**TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E KËRKESËS:**

| | |
|---|---|
| Име | Презиме |
| Emri | Mbiemri |

| | |
|---|---|
| Ден, месец и година на раѓање<br>Data, muaji dhe viti i lindjes | Место, општина и држава на раѓање<br>Vendi, komuna dhe shteti i lindjes |

| | | |
|---|---|---|
| Пол | Место и адреса на живеење | Адреса за контакт |
| Gjinia | Vendi dhe venbanimi | Adresa për kontakt |

Датум и место на поднесување на барањето
Data dhe vendi i parashtrimit të kërkesës

____.____._20_____

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit

____________________________________

Податоци за контакт
Të dhëna për kontakt ________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето
Nënshkrimi i personit zyrtar i cili e ka pranuar kërkesën _____________________

**2. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:**
**SHTOJCË NDAJ KËRKESËS:**

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган.<br>Gjatë parashtrimit të kërkesës kontrollohet identiteti i parashtruesit të kërkesës sipas letërnjoftimit ose dokumentit tjetër për identifikim i cili ka fotografi i lëshuar prej organit shtetëror. |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните (*)<br>Certifikatë nga Libri i amzës i të lindurve/martuarve (*) |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност;
Dëshmitë të nënvizuara me yll (*) konsiderohen se janë parashtruar me kërkesën dhe të njëjtat Ministria e Punëve të Brendshme i siguron sipas detyrës zyrtare.
Доказите кои не се означени со (*) се доставуваат како копија заверена од нотар.
Dëshmitë të cilat janë të shënuara me (*) dorëzohen në kopje të vërtetuara te noteri.

3. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:
PAJTUESHMËRI NGA PARASHTRUESI I KËRKESËS:

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 2 на ова барање.
Parashtruesi i kërkesës pajtohet të dhënat e tij personale të shfrytëzohen në procedurë për realizimin e të drejtës para organeve kompetente për sigurimin e të GJITHA dokumenteve të nënvizuar me yll (*) nga pjesa 2 e kësaj kërkese.

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit
________________________________

---

**УПАТСТВО**
**ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ**
**UDHËZIM**
**PËR PLOTËSIMIN E KËRKESËS PËR ANULUMIN E NUMRIT PERSONAL**

*Податоците од делот 1 ги пополнува подносителот на барањето;
Të dhënat nga pjesa 1 i plotëson parashtruesi i kërkesës;
*Подносителот на барањето е должен при поднесување на барањето да се идентификува со важечки личен документ;
Parashtruesi i kërkesës është i obliguar gjatë parashtrimit të kërkesës të identifikohet me dokument personal valid ;

*Подносителот на барањето во делот адреса за контакт ја наведува адресата на неговото фактичко живеалиште;
Parashtruesi i kërkesës në pjesën adresa për kontakt e shënon adresën e vendbanimit faktik;
*Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт";*
Parashtruesi i kërkesës vetë e zgjedhë mënyrën se si Ministria e Punëve të Brendshme do të realizojë kontakt me të (me telefon ose përmes rugës elektronike). Mënyra e zgjedhur për kontakt ceket në pjesën "të dhëna për kontakt";
• Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 2 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.
* Nëse gjatë procedurës paraqitet nevoja për kompletimin e dokumenteve të kërkuara në pjesën 2 parashtruesi i kërkesës në mënyrë plotësuese do të lajmërohet dhe të njëjtat t'ia bashkangjet kërkesës;

**Образец број 4**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ**
**СЕКТОР ЗА УПРАВНО НАДЗОРНИ РАБОТИ**
**Одделение за управни работи _____________**
**Отсек за управни работи __________________**

# Б А Р А Њ Е
# ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН

**1. ОСНОВ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН:**

1.1. Погрешно определени матични броеви
1.2. Повеќе точно определени матични броеви
1.3. Исправка на датум на раѓање во матичната книга на родените
1.4. Промена на пол

**2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место, општина и држава на раѓање |
|---|---|
| _____ . _____ . ___________ | |

| Пол | Место и адреса на живеење | Адреса за контакт |
|---|---|---|
| | | |

Датум и место на поднесување на барањето

____.____._20___, ________________

Потпис на подносителот

______________________________

Податоци за контакт ____________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето _____________________

**3. ПОДАТОЦИ ЗА МАТИЧНИТЕ БРОЕВИ КОИ СЕ ПОНИШТУВААТ:**

| |
|---|
| |
| |
| |

4. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните (*) |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

Доказите кои не се означени со (*) се доставуваат како копија и заверени од нотар

5. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 4 на ова барање.

Потпис на подносителот

______________________

**УПАТСТВО**

**ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН:**

. Податоците од деловите 1, 2 и 3 ги пополнува подносителот на барањето;

. Подносителот на барањето е должен при поднесување на барањето да се идентификува со важечки личен документ;

• Подносителот на барањето во делот адреса за контакт ја наведува адресата на неговото фактичко живеалиште;

. Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот ,,податоци за контакт“;

. Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 4 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.

**Прилог број 4-а**
**Shtojca numër 4-a**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MINISTRISË SË PUNËVE TË BRENDSHME TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ**
**DEPARTAMENTI PËR ÇËSHTJE ADMINISTRATIVE**
**СЕКТОР ЗА УПРАВНО НАДЗОРНИ РАБОТИ**
**SEKTORI PËR ÇËSHTJE MBIKËQYRËSE-ADMINISTRATIVE**
**Одделение за управни работи**
**Njësia për Çështje Administrative_____________**
**Отсек за управни работи**
**Seksioni për Çështje Administrative __________________**

БАРАЊЕ
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИН
KËRKESË
PËR ANULIMIN E NUMRIT PERSONAL TË QYTETARIT

1. **ОСНОВ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ:**
   **BAZA PËR ANULIMIN E NUMRIT PERSONAL:**

1.1. Погрешно определени матични броеви
Numër personal gabimisht i përcaktuar
1.2. Повеќе точно определени матични броеви
Më shumë numra personal saktë të përcaktuar
1.3. Исправка на датум на раѓање во матичната книга на родените
Përmirësim të datëlindjes në Librin e amzës e të lindurve
1.4. Промена на пол
Ndryshimi i gjinisë

2. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:**
   **TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E KËRKESËS:**

| Име | Презиме |
|---|---|
| Emri | Mbiemri |

| Ден, месец и година на раѓање<br>Data, muaji dhe viti i lindjes | Место, општина и држава на раѓање<br>Vendi, komuna dhe shteti i lindjes |
|---|---|

| Пол | Место и адреса на живеење | Адреса за контакт |
|---|---|---|
| Gjinia | Vendi dhe venbanimi | Adresa për kontakt |

Датум и место на поднесување на барањето
Data dhe vendi i parashtrimit të kërkesës

____.____._20_____ _______________

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit

____________________________________

Податоци за контакт
Të dhëna për kontakt _________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето
Nënshkrimi i personit zyrtar i cili e ka pranuar kërkesën _____________________

**3. ПОДАТОЦИ ЗА МАТИЧНИТЕ БРОЕВИ КОИ СЕ ПОНИШТУВААТ:**
**TË DHËNA PËR NUMRAT PERSONAL TË CILËT ANULOHEN:**

| |
|---|
| |
| |
| |

**4.ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:**
**SHTOJCË NDAJ KËRKESËS:**

| | |
|---|---|
| ▯ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган.<br>Gjatë parashtrimit të kërkesës kontrollohet identiteti i parashtruesit të kërkesës sipas letërnjoftimit ose dokumentit tjetër për identifikim i cili ka fotografi i lëshuar prej organit shtetëror. |
| ▯ | Извод од матичната книга на родените/венчаните (*)<br>Certifikatë nga Libri i amzës i të lindurve/martuarve (*) |

*Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност .
Dëshmitë të nënvizuara me yll (*) konsiderohen se janë parashtruar me kërkesën dhe të njëjtat Ministria e Punëve të Brendshme i siguron sipas detyrës zyrtare.
Доказите кои не се означени со (*) се доставуваат како копија заверена од нотар.
Dëshmitë të cilat janë të shënuara me (*) dorëzohen në kopje të vërtetuara te noteri.

5. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО
PAJTUESHMËRI NGA PARASHTRUESI I KËRKESËS

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 4 на ова барање.
Parashtruesi i kërkesës pajtohet të dhënat e tij personale të shfrytëzohen në procedurë për realizimin e të drejtës para organeve kompetente për sigurimin e të GJITHA dokumenteve të nënvizuar me yll (*) nga pjesa 4. e kësaj kërkese.

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit

___________________________________

**УПАТСТВО**
**ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ**
**UDHËZIM**
**PËR PLOTËSIMIN E KËRKESËS PËR ANULUMIN E NUMRIT PERSONAL**

*Податоците од делот 1, 2 и 3 ги пополнува подносителот на барањето;
Të dhënat mga pjesa 1, 2 dhe 3 i plotëson parashtruesi i kërkesës;
*Подносителот на барањето е должен при поднесување на барањето да се идентификува со важечки личен документ;
Parashtruesi i kërkesës është i obliguar gjatë parashtrimit të kërkesës të identifikohet me dokument personal valid ;

*Подносителот на барањето во делот адреса за контакт ја наведува адресата на неговото фактичко живеалиште;
Parashtruesi i kërkesës në pjesën adresa për kontakt e shënon adresën e vendbanimit faktik;
*Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт";*
Parashtruesi i kërkesës vetë e zgjedhë mënyrën se si Ministria e Punëve të Brendshme do të realizojë kontakt me të (me telefon ose përmes rugës elektronike). Mënyra e zgjedhur për kontakt ceket në pjesën "të dhëna për kontakt"
• Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 4 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.
* Nëse gjatë procedurës paraqitet nevoja për kompletimin e dokumenteve të kërkuara në pjesën 4 parashtruesi i kërkesës në mënyrë plotësuese do të lajmërohet dhe të njëjtat t'ia bashkangjet kërkesës;